ЗАЕДНИЦИ СО ИНТЕГРИТЕТ
KOMUNITETE ME INTEGRITET
INTEGRITY DRIVEN COMMUNITIES

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

Swiss Agency for Development and Cooperation SDC

Sweden
Sverige

СТИПЕНДИСКА ПРОГРАМА ЗА ПРОФЕСИОНАЛНО УСОВРШУВАЊЕ

Програма за стипендии за професионално усовршување на вработените во институции опфатени со Програмата Заедници со интегритет

2026/2027 година

ИМПЛЕМЕНТИРАНО ОД:
NDI
NATIONAL DEMOCRATIC INSTITUTE

„Заедници со интегритет“ е проект во Северна Македонија, финансиран од Владите на Швајцарија и Шведска и спроведен од Националниот демократски институт (НДИ).

Содржина

1. 21.1. Вовед 2

1.2. Зошто се обезбедува поддршка за професионално усовршување и развој? 3

1.3. Кој од вработените може да смета на овој вид поддршка? 4

1.4. Кој би можел да има предност во хиерархијата на позиции и работни места? 4

2. 42.1. На што се засноваат можностите за професионално усовршување? 4

2.2. Каков вид професионално усовршување може да се поддржи? 6

2.3. Чија одговорност е пронаоѓањето можности за професионално усовршување? 7

2.4. Комбинирање на работни обврски и професионално усовршување 7

2.5. Процедурата за пријавување и аплицирање 7

3. 83.1. Кој ќе ја донесе одлуката и на кој начин? 9

3.2. Кои се критериумите според кои се донесува одлуката? 10

3.3 Школарина 12

4. 11**5.** 135.1. Кои се очекувањата за задржување на персоналот по професионалното усовршување? 14

5.2 Што се очекува од вработениот со стекнато ново звање за развојот на другите колеги? 15

5.3. Поддршка и промоција на целите на проектот „Заедници со интегритет“ 16

6. 14

ИМПЛЕМЕНТИРАНО ОД:
NDI NATIONAL DEMOCRATIC INSTITUTE

„Заедници со интегритет“ е проект во Северна Македонија, финансиран од Владите на Швајцарија и Шведска и спроведен од Националниот демократски институт (НДИ).

1. Програма за доделување стипендии за професионално усовршување

1.1. Вовед

Оваа програма е креирана со цел да се воспостави систем на правила со кои ќе се регулираат можностите за добивање стипендии за професионално усовршување на вработените во институциите и општините опфатени со проектот Заедници со интегритет. Програмата ги опфаќа вработените во целните општини: Град Скопје, Битола, Боговиње, Гази Баба, Куманово, Македонска Каменица, Неготино, Штип, Струга и Струмица, како и вработените во стратешките партнерски институции, и тоа: Државната комисија за спречување на корупцијата, Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер, Министерството за локална самоуправа, Министерството за јавна администрација, Министерството за дигитална трансформација, Државниот завод за ревизија и Бирото за јавни набавки.

Истата ги утврдува правилата и условите под кои ќе се користи финансиската поддршка обезбедена во рамките на Програмата за парламентарна поддршка, финансирана од Владите на Швајцарија и Шведска, наменета за вработени кои имаат интерес за понатамошно професионално усовршување и развој преку релевантни курсеви и обуки.

Стипендијата за која аплицира кандидатот треба да биде од јасен професионален интерес за кандидатот, да биде поврзана со неговото/нејзиното работно место и работни задачи, како и да придонесува кон остварување на целите на проектот.

Оваа стипендиска програма се реализира во рамките на ппроектот „Заедници со интегритет“, имплементиран од страна на Националниот демократски институт (НДИ), со финансиска поддршка од Владите на Швајцарија и Шведска. Општата цел на проектот е да придонесе кон создавање и институционализирање силни системи и практики на интегритет на локално ниво, кои ќе ги намалат ризиците од корупција и ќе ја зголемат довербата на граѓаните во институциите. Во рамките на проектот, стипендиската програма е администрирана од Институтот за демократија „Социетас Цивилис“ – Скопје (ИДСЦС).

Програмата е дизајнирана со цел да обезбеди еднаков и праведен третман за сите вработени кои имаат право на аплицирање, како и транспарентност на одлуките во однос на доделувањето финансиска поддршка за понатамошно професионално усовршување. Крајната цел на програмата за стипендирање е да придонесе кон зајакнување на професионалните капацитети на вработените во институциите и општините опфатени со Програмата, а со тоа и кон подобрување на квалитетот на нивната работа, поефикасно извршување на работните задачи и унапредување на институционалните капацитети.

Преку овој вид на поддршка, Програмата има за цел да поттикне стекнување знаења и вештини кои се од директен професионален интерес за кандидатите, се поврзани со нивното работно место и работни обврски, и се релевантни за целите и приоритетите на проектот „Заедници со интегритет“. На овој начин, Програмата придонесува кон унапредување на интегритетот, транспарентноста, отчетноста, доброто управување и квалитетот на услугите што институциите ги обезбедуваат за граѓаните.

ИМПЛЕМЕНТИРАНО ОД:
NDI NATIONAL DEMOCRATIC INSTITUTE
„Заедници со интегритет“ е проект во Северна Македонија, финансиран од Владите на Швајцарија и Шведска и спроведен од Националниот демократски институт (НДИ).

Програмата ги дефинира условите за тоа кој од вработените, кога, како и под кои услови може да добие ваков вид поддршка. Професионалното усовршување и развој во рамките на оваа програма се однесува на стекнување знаење и вештини преку учество на обуки, тренинзи, курсеви, сертифицирани програми и други релевантни програми за градење капацитети предвидени со програмата.

Поддршката подразбира доделување финансиски средства за покривање на трошоците за професионално усовршување, во целосен или делумен износ, но не повеќе од 90% од вкупниот износ на трошоците, согласно расположливите средства и условите утврдени со оваа Програма. Кандидатот на кој ќе му биде одобрена финансиска поддршка стекнува статус на стипендист во рамките на Програмата.

Програмата има за цел да обезбеди можности за професионалци кои сакаат да се стекнат со дополнителни знаења и вештини што се поврзани со нивната работа и можат да придонесат кон унапредување на интегритетот, транспарентноста, отчетноста, доброто управување и квалитетот на услугите во институциите и општините опфатени со Програмата. Поддржаните програми треба да бидат релевантни за полето на експертиза на кандидатот, како и за целите и приоритетите на проектот „Заедници со интегритет“. Финансиската поддршка може да се додели за програми што се спроведуваат од релевантни институции, сертифицирани обучувачи или други соодветни даватели на професионална обука, согласно условите утврдени со оваа Програма.

1.2. Зошто се обезбедува поддршка за професионално усовршување и развој?

Поддршката се обезбедува во контекст на професионалниот развој на вработените во институциите и општините опфатени со Програмата, како и во насока на зајакнување на нивните капацитети за поуспешно, поефикасно и поодговорно извршување на работните задачи. Истовремено, поддршката има за цел да придонесе кон остварување на целите на проектот „Заедници со интегритет“, преку градење знаења и вештини кои се релевантни за унапредување на интегритетот, транспарентноста, отчетноста, доброто управување и квалитетот на услугите што институциите ги обезбедуваат за граѓаните.

Професионалното усовршување и развој се стават во контекст на подобра изведба на работното место, поуспешно справување со задачите и надлежностите, како и унапредување на стручните и практичните компетенции на вработените. Финансиската поддршка се обезбедува и како поттик за идно професионално напредување, развој на кариерата и можност за поголем придонес на вработените во рамките на институциите во кои работат.

Поддршката може да се однесува на професионално усовршување преку обуки, тренинзи, курсеви, сертифицирани програми и други релевантни форми на градење капацитети, кои би завршиле најдоцна до 27 август 2027 година. Програмите за кои се доделува поддршка треба да бидат од јасен професионален интерес за кандидатот, да бидат поврзани со неговото/нејзиното работно место и работни задачи, како и да бидат релевантни за целите и приоритетите на проектот.

Одлуките за доделување финансиска поддршка за професионално усовршување ќе се донесуваат врз основа на претходно утврдени, јасни и транспарентни критериуми. Критериумите се засноваат на објективност и непристрасност, како и на јасен систем на бодување кој овозможува праведно и издржано донесување одлуки. За таа цел, ќе бидат

ИМПЛЕМЕНТИРАНО ОД:
NDI NATIONAL DEMOCRATIC INSTITUTE
„Заедници со интегритет“ е проект во Северна Македонија, финансиран од Владите на Швајцарија и Шведска и спроведен од Националниот демократски институт (НДИ).

утврдени и соодветни административни формулари и документи кои кандидатите треба да ги пополнат и поднесат во рамките на процесот на аплицирање.

1.3. Кој од вработените може да смета на овој вид поддршка?

На овој вид поддршка може да сметаат вработените во институциите и општините опфатени со Програмата, кои имаат заснован редовен работен однос најмалку 2 години и се распоредени на работни места согласно актите за систематизација.

Правото на аплицирање се ограничува на вработени со редовен работен однос, со цел стекнатото знаење и вештини да можат понатаму да се применат во рамките на институцијата/општината. Вработени или ангажирани лица врз основа на договор на определено време, договор со скратено работно време, договор за привремено ангажирање, договор на дело, хонорарен или друг вид надворешен ангажман немаат право да аплицираат за овој вид поддршка.

1.4. Кој би можел да има предност во хиерархијата на позиции и работни места?

Можноста за добивање поддршка е отворена за вработени на различни нивоа и работни позиции во институциите и општините опфатени со Програмата, согласно утврдените услови и критериуми. При оценувањето на апликациите, предност нема да се дава единствено врз основа на хиерархиската позиција на кандидатот, туку врз основа на релевантноста на предложеното усовршување за работното место, институцијата/општината и целите на проектот.

Како еден од критериумите за бодување ќе се земе предвид и должината на работниот стаж во институцијата/општината, на следниот начин:

- вработени од 2 до 5 години – добиваат 5 бодови;
- вработени над 5 години – добиваат 10 бодови.

Доколку кандидатот претходно користел ваков вид финансиска поддршка во рамките на Програмата или друга сродна програма, предност може да се даде на кандидат кој досега не користел таква поддршка, под услов да ги исполнува останатите критериуми.

Во случај на ограничени финансиски средства или кога повеќе кандидати ќе добијат ист број бодови, Комисијата може да даде предност на кандидатот чија апликација покажува повисока релевантност за работното место, поголем потенцијал за примена на стекнатите знаења во институцијата/општината, како и поголем придонес кон целите и приоритетите на проектот „Заедници со интегритет“.

2. Опис на можностите за професионално усовршување

2.1. На што се засноваат можностите за професионално усовршување?

ИМПЛЕМЕНТИРАНО ОД:
NDI NATIONAL DEMOCRATIC INSTITUTE
„Заедници со интегритет“ е проект во Северна Македонија, финансиран од Владите на Швајцарија и Шведска и спроведен од Националниот демократски институт (НДИ).

Поврзувања на надлежноста со можностите за професионално усовршување

Можноста за професионално усовршување треба да биде директно поврзана со работното место на кандидатот, работните задачи што ги извршува, како и со потребните знаења, вештини и компетенции за успешно вршење на тие задачи. Воедно, предложеното усовршување треба да биде релевантно за приоритетите на институцијата/општината во која работи кандидатот и за целите на проектот „Заедници со интегритет“.

Финансиска поддршка ќе се доделува за професионално усовршување кои јасно придонесуваат кон унапредување на стручните капацитети на кандидатот и имаат практична примена во неговото/нејзиното тековно или идно работење. При оценувањето на апликацијата, ќе се земе предвид дали предложеното усовршување соодветствува со:

а) Целите и приоритетите на институцијата/општината и проектот – предложеното усовршување треба да биде поврзано со области кои се релевантни за работата на институцијата/општината, како и со целите на проектот „Заедници со интегритет“, особено во делот на интегритет, транспарентност, отчетност, добро управување, јавни набавки, ревизија, антикорупција, дигитализација, пристап до информации, локална самоуправа и други сродни области.

b) Работното место и работните задачи на кандидатот – усовршувањето треба да биде во согласност со описот на работното место, работните обврски и надлежностите кои кандидатот ги извршува или се очекува да ги извршува во рамките на институцијата/општината.

c) Потребните компетенции за работното место – предложената програма треба да придонесе кон развој на знаења, вештини и способности кои се потребни за поквалитетно, поефикасно и поодговорно извршување на работните задачи.

Поврзување на успехот во работата со можностите за професионално усовршување

Професионалното усовршување и развојот на вработените треба да бидат поврзани со оценката на нивното работење, утврдените работни цели и задачи, како и со потребата од унапредување на знаењата, вештините и компетенциите потребни за успешно извршување на работните обврски.

Во таа насока, поддршката за професионално усовршување треба да биде усогласена со:

- работните цели и задачи на кандидатот, како и очекуваните резултати од неговото/нејзиното работење;
- индивидуалните потреби за стручно усовршување и професионален развој;
- релевантноста на предложеното усовршување за работното место, институцијата/општината и целите на проектот;
- можноста стекнатото знаење и вештини да се применат во секојдневното работење и да придонесат кон подобрување на институционалните резултати.

Доколку институцијата/општината има воспоставен систем за оценување на ефектот на вработените или индивидуални планови за стручно усовршување, предложената програма за усовршување треба, каде што е применливо, да биде поврзана и со тие процеси.

ИМПЛЕМЕНТИРАНО ОД:
NDI NATIONAL DEMOCRATIC INSTITUTE
„Заедници со интегритет“ е проект во Северна Македонија, финансиран од Владите на Швајцарија и Шведска и спроведен од Националниот демократски институт (НДИ).

2.2. Каков вид професионално усовршување може да се поддржи?

Теми и област на професионално усовршување

Темите и областите на обуките, тренинзите, курсевите или другите форми на професионално усовршување треба да бидат директно поврзани со целите и приоритетите на проектот „Заедници со интегритет“, како и со надлежностите, работното место и задачите на кандидатот. Предност ќе имаат програми кои придонесуваат кон зајакнување на знаењата и вештините во области релевантни за интегритет, антикорупција, транспарентност, отчетност, добро управување, јавни набавки, ревизија, пристап до информации од јавен карактер, дигитализација, јавни услуги, управување со ризици и други сродни области поврзани со целите на проектот.

Секој кандидат е должен во апликацијата јасно да ја образложи поврзаноста меѓу предложената програма за усовршување, неговото/нејзиното работно место, работните задачи и надлежности, како и потребите на институцијата/општината во рамките на проектот. Образложението треба да покаже како стекнатите знаења и вештини ќе придонесат кон подобро извршување на работните задачи и кон унапредување на институционалните практики поврзани со интегритет, транспарентност, отчетност и намалување на корупциските ризици.

Комисијата која ќе одлучува за доделување финансиска поддршка ќе води сметка предложените програми да бидат суштински поврзани со потребите на проектот и да имаат практична примена во работата на институциите и општините опфатени со Програмата. При оценувањето, посебно ќе се земе предвид релевантноста на предложеното усовршување за конкретното работно место, потенцијалот за примена на стекнатите знаења во пракса и очекуваниот придонес кон целите на проектот „Заедници со интегритет“.

Облик на професионално усовршување

Во рамките на Програмата може да се додели финансиска поддршка за различни облици на професионално усовршување, во согласност со целите и приоритетите на проектот „Заедници со интегритет“, како и со потребите на институциите/општините и работното место на кандидатот. Обликот на поддршка што ќе биде достапен во рамките на секој поединечен повик ќе биде прецизиран во самиот повик за тој период.

Програмата поддржува обуки, тренинзи, курсеви, сертифицирани програми и други форми на професионално усовршување. Во секој повик може да бидат наведени предлог-области и предлог-програми кои се сметаат за релевантни за целите на Програмата. Овие предлог-области ќе служат како насока за кандидатите, но нема да претставуваат затворена или исклучителна листа. Кандидатите можат да аплицираат и за обука, курс или друга програма надвор од предложените табели, доколку јасно образложат дека истата е во согласност со целите на Програмата, нивното работно место и потребата за професионален развој.

Кандидатите можат индивидуално да аплицираат за учество на обука, тренинг, курс или сертифицирана програма организирана од релевантна институција. Дополнително, во рамките на одредени повици, Програмата може да понуди можност за организирање обука од експерт во одредена област, доколку постои интерес и потреба кај повеќе кандидати или институции/општини. Во таков случај, обуката може да биде организирана како групна активност во рамките на Програмата, при што не мора нужно да резултира со формален сертификат, доколку тоа е соодветно на природата и целите на обуката.

ИМПЛЕМЕНТИРАНО ОД:
NDI NATIONAL DEMOCRATIC INSTITUTE
„Заедници со интегритет“ е проект во Северна Македонија, финансиран од Владите на Швајцарија и Шведска и спроведен од Националниот демократски институт (НДИ).

2.3. Чија одговорност е пронаоѓањето можности за професионално усовршување?

Базирано на предложените области и отворените повици за упис, како и описот на работното место, поврзаноста со одредени вештини и компетенции на работното место, вработените во партнерските институции/ општините се индивидуално одговорни да одберат една од можностите за иден професионален развој. Со оглед дека поддршката може да биде лимитирана во рамки на расположливите средства за утврдениот период, комисијата може да определи одреден процентуален износ за финансиска поддршка за кандидатите или сума/износ кој ќе биде подеднаков за сите, посебно во случаите кога определени кандидати имаат/делат ист број бодови.

2.4. Комбинирање на работни обврски и професионално усовршување

Во прилог на секој повик ќе бидат наведени предлог-области за професионално усовршување, вклучително обуки, тренинзи, курсеви, сертифицирани програми и други релевантни форми на градење капацитети, кои се во согласност со целите и приоритетите на Програмата. Овие области ќе служат како насока за кандидатите при изборот на соодветна програма за усовршување, но нема да се сметаат за исклучителна или затворена листа.

Кандидатите можат да аплицираат и за финансиска поддршка за програма или област која не е наведена во предложените табели, доколку сметаат дека истата е релевантна за нивното работно место, професионален развој и целите на проектот „Заедници со интегритет“. Во секој од случаите, кандидатот е должен јасно и аргументирано да ја образложи поврзаноста на предложената програма со работните задачи, потребните вештини и компетенции, како и со очекуваниот придонес кон институцијата/општината и целите на проектот.

Со оглед на тоа што финансиската поддршка може да биде ограничена согласно расположливите средства за утврдениот период, Комисијата може да определи процентуален износ на поддршка или фиксен износ кој ќе биде применет подеднакво за кандидатите, особено во случаи кога повеќе кандидати имаат ист или сличен број бодови. При тоа, Комисијата ќе води сметка поддржаните програми да бидат релевантни за целите на Програмата и да имаат јасна практична примена во работата на институциите и општините опфатени со повикот.

Можноста за професионално усовршување и развој се дава заради подобро извршување на работните обврски и вкупно подобрување на перформансот на работното место како и унапредувањето на работата. Во тој контекст се оди по принципот дека работата не би требала да претрпи промени ниту губитоци со тоа што на вработениот му е доделена поддршка за професионално усовршување. Истото ќе го направи во согласност со сите позитивни законски прописи кои се однесуваат на регулирање на работните односи и можноста вработениот да го стави во употреба правото на отсуство од работа во текот на годината.

2.5. Процедурата за пријавување и аплицирање

Пријавувањето на кандидатите ќе се спроведува врз основа на посебен повик за доставување апликации за финансиска поддршка за професионално усовршување. Повикот ќе ги содржи сите релевантни информации за условите за аплицирање, роковите, потребната документација,

ИМПЛЕМЕНТИРАНО ОД:
NDI NATIONAL DEMOCRATIC INSTITUTE
„Заедници со интегритет“ е проект во Северна Македонија, финансиран од Владите на Швајцарија и Шведска и спроведен од Националниот демократски институт (НДИ).

начинот на доставување на пријавите, како и областите и видовите програми за кои може да се аплицира. Секој повик ќе биде отворен најмалку 14 дена од денот на неговото објавување.

Кандидатите кои ќе идентификуваат соодветна можност професионално усовршување, во согласност со целите на Програмата, потребите на нивното работно место и нивниот професионален развој, треба да ја пополнат Пријавата за професионално усовршување, која е составен дел од секој повик. Пополнетата пријава, заедно со целокупната дополнителна документација наведена во повикот и во зависност од видот на стипендија за кој се аплицира, треба да се достави електронски на е-маил адресата наведена во самиот повик, во рамките на утврдениот рок.

Потребни документи и услови за аплицирање за обуки, тренинзи, курсеви и сертифицирани програми

За аплицирање за финансиска поддршка за обуки, тренинзи, курсеви, сертифицирани програми и други форми на професионално усовршување, кандидатот треба да достави уредна и целосна апликација, во рокот и на начинот утврдени во повикот.

Потребната документација за аплицирање опфаќа:

- професионална биографија (CV);
- потврда за редовен работен однос во институцијата/општината опфатена со Програмата;
- пополнета Апликација за професионален развој;
- препорака од претпоставеното лице.

Кандидатот во Апликацијата за професионален развој треба јасно да ја образложи поврзаноста на предложената обука, тренинг, курс или сертифицирана програма со неговото/нејзиното работно место, работните задачи и потребите за професионален развој, како и со целите и приоритетите на Програмата.

3. Донесување одлуки за доделување финансиска поддршка

3.1. Кој ќе ја донесе одлуката и на кој начин?

Одлуката за доделување финансиска поддршка ја донесува Комисија за одлучување, составена од претставници на имплементаторот на проектот „Заедници со интегритет“, администраторот на стипендиската програма и претставник на институцијата/општината во која е вработен кандидатот. Составот на Комисијата се утврдува за секој повик посебно, со одлука донесена од страна на администраторот на Програмата, земајќи предвид од кои институции/општини доаѓаат кандидатите кои поднеле апликација.

Членовите на Комисијата не смеат да имаат конфликт на интерес во однос на поднесените апликации. Доколку постои потенцијален конфликт на интерес, членот на Комисијата е должен да го пријави истиот и да биде изземен од разгледувањето и одлучувањето по конкретната апликација.

ИМПЛЕМЕНТИРАНО ОД:
NDI NATIONAL DEMOCRATIC INSTITUTE
„Заедници со интегритет“ е проект во Северна Македонија, финансиран од Владите на Швајцарија и Шведска и спроведен од Националниот демократски институт (НДИ).

Комисијата ја разгледува доставената документација, ја оценува исполнетоста на формалните услови и врши бодување на апликациите согласно критериумите и форматот утврдени со оваа Програма, и спроведува и интервјуа со кандидатите како дел од процесот на оценување. По завршување на оценувањето, бодувања на членовите на Комисијата се сумираат и се изготвува ранг-листа на кандидатите. Ранг-листата се финализира во висина на доделена стипендија врз основа на освоените бодови на кандидатите како и расположливите финансиски средства за конкретниот повик.

Табела 1: Критериуми за донесување на одлуката

	Критериум	**Систем на бодови**
1	Години на работен стаж	Најмногу бодови добиваат лицата над 5 години работен стаж на кои дотогаш не им била одобрена ваква поддршка (10 бодови), додека вработените од 2 до 5 години работен стаж добиваат 5 бода;
2	Оцена на посветеност на работата	Критериумот се оценува врз основа на препораката од непосредно претпоставеното лице, при што се зема предвид посветеноста, одговорноста и професионалниот однос на кандидатот кон работата (најмногу 10 бодови)
3	Поврзаност со целите на Програмата	Се бодува поврзаноста на предложената обука или курс со работното место на кандидатот и целите на проектот „Заедници со интегритет“; (најмногу 25 бодови)
4	Поврзаност со описот на работното место	Се бодува поврзаноста на предложената обука или курс со описот на работното место и компетенциите потребни за извршување на работните задачи на кандидатот.; (најмногу 25 бодови)
5	План за пренос на стекнатите знаења и вештини	Се бодува дали кандидатот предложил јасен и применлив начин за пренос на стекнатите знаења и вештини во институцијата/општината, како и потенцијалниот ефект од нивната примена во работата; (најмногу 10 бодови)
6	Заложба за придонес кон проектот и споделување на стекнатите знаења	Се бодува образложената заложба на кандидатот да придонесе кон активностите и целите на проектот „Заедници со интегритет“, како и подготвеноста да ја ја промовира стипендиската програма со колегите во институцијата/општината. (најмногу 10 бодови)
7	Професионално резиме	Се бодува претходното искуство во соодветната област, неформалното образование и стекнати вештини преку обуки, семинари, работилници, како и пишани трудови. (најмногу 10 бодови)
	Вкупно	**100 бодови**

Во случај кога расположливите средства се ограничени, Комисијата може да предложи максимална (90% од трошоците) или пониска финансиска поддршка. По донесување на одлуката за доделување финансиска поддршка, кандидатите се известуваат за резултатите од постапката. Секој одобрен кандидат треба да потврди дека ја прифаќа доделената финансиска поддршка, по што потпишува соодветен договор со кој се уредуваат правата и обврските поврзани со користењето на поддршката.

3.2. Кои се критериумите според кои се донесува одлуката?

Пред да пристапи кон оценување на апликациите, Комисијата најпрво ќе изврши административна проверка на доставената документација, со цел да утврди дали апликацијата

ИМПЛЕМЕНТИРАНО ОД:
NDI NATIONAL DEMOCRATIC INSTITUTE
„Заедници со интегритет“ е проект во Северна Македонија, финансиран од Владите на Швајцарија и Шведска и спроведен од Националниот демократски институт (НДИ).

е уредна, целосна и доставена во предвидениот рок. Само апликациите за кои ќе се утврди дека ги содржат сите потребни документи наведени во повикот ќе продолжат во следната фаза на евалуација, согласно критериумите утврдени подолу.

Право на финансиска поддршка може да стекнат кандидатите кои, по оценувањето согласно критериумите утврдени во Табела 1, ќе освојат минимум 40 поени. Доделувањето на стипендиите ќе се врши согласно ранг-листата на оценети кандидати, утврдениот буџет за стипендии за конкретниот повик и расположливите финансиски средства.

Бројот на доделени стипендии и висината на финансиската поддршка ќе зависат од вкупниот износ на средства предвидени за конкретниот повик, бројот на кандидати кои ги исполнуваат условите, освоените бодови и висината на трошоците за предложеното професионално усовршување. Комисијата може да предложи речиси целосна или делумна финансиска поддршка, но не повеќе од 90% од вкупниот износ на трошоците.

Висината на стипендијата начелно се одредува според нивото на вкупно освоени поени. Највисока стипендија, во износ до 90% од вкупните трошоци, може да добијат кандидатите кои ќе освојат од 91 до 100 поени, 80% кандидатите кои ќе освојат од 81 до 90 поени, и така натаму, согласно утврдената скала за бодување (Табела 2).

По исклучок, Комисијата може да предложи понизок износ на финансиска поддршка од износот кој би произлегол од освоените бодови, доколку расположливите средства во рамките на стипендиската програма се ограничени или се приближуваат кон исцрпување. Ова може да се направи со цел да се овозможи поддршка на поголем број кандидати кои ги исполнуваат условите, или во случај кога преостанатиот износ во буџетот за стипендии не е доволен за доделување поддршка во целосниот процент предвиден според освоените бодови.

Табела 2 – Скала на бодување

Стипендија	Збир од вкупни бодови
90%	91-100 поени
80%	81-90 поени
70%	71-80 поени
60%	61-70 поени
50%	51-60 поени
40%	41-50 поени
Не се стекнува со стипендија	Под 40 поени

Доколку кандидатот на кој му е одобрена финансиска поддршка не добие прием На курсот/обуката за која аплицирал, одобрената стипендија се укинува. Во таков случај, кандидатот може повторно да поднесе апликација за финансиска поддршка во рамките на следен повик за доделување стипендии, согласно условите и роковите утврдени во тој повик.

ИМПЛЕМЕНТИРАНО ОД:
NDI NATIONAL DEMOCRATIC INSTITUTE
„Заедници со интегритет“ е проект во Северна Македонија, финансиран од Владите на Швајцарија и Шведска и спроведен од Националниот демократски институт (НДИ).

По донесување на одлуката за доделување финансиска поддршка, кандидатот на кој му е одобрена поддршка потпишува договор за доделување финансиска поддршка за професионално усовршување. По потпишувањето на договорот, кандидатот е должен самостојно да ги достави потребните документи за упис на курсот/обуката.

Кандидатот е должен, во рок од 5 работни дена од добивањето известување за прием, да го извести администраторот на Програмата — Институтот за демократија „Социетас Цивилис“ – Скопје (ИДСЦС). Оваа документација претставува основа за започнување на постапката за исплата или покривање на одобрената финансиска поддршка, согласно условите утврдени со Програмата и конкретниот повик.

Секој кандидат кој нема да биде избран за добивање финансиска поддршка има право на увид во освоените бодови, како и право да поднесе приговор до Комисијата во рок од 8 дена од денот на приемот на известувањето за резултатите од постапката. Комисијата го разгледува приговорот во рок од 15 дена од денот на неговиот прием и писмено го известува кандидатот за донесената одлука.

3.3 Школарина

Финансиската поддршка може да биде одобрена до 90% од вкупниот трошок или во делумен износ, во зависност од висината на доделената стипендија, освоените бодови и расположливите средства. Секој кандидат на кој ќе му биде одобрена финансиска поддршка стекнува статус на стипендист во рамките на Програмата.

Администраторот на Програмата не се обврзува да ги покрие трошоците кои се предизвикани поради ненавремено остварување на обврските кои произлегуваат од професионалното усовршување како и други трошоци кои не биле претходно одобрени.

Администраторот на Програмата ќе ја исплаќа одобрената финансиска поддршка, директно на давателот на обуката/курсот, на начин утврден од соодветната институција или давателот на услугата. Исплатата се врши откако стипендистот ќе ја достави потребната документација до администраторот на Програмата и под услов да ги почитува обврските наведени во договорот за финансиска поддршка за професионално усовршување.

4. Обврски на стипендистот

- По завршување на поддржаната програма за професионално усовршување, стипендистот е должен до администраторот на Програмата да достави соодветен доказ за успешно завршување, односно сертификат/потврда за завршена обука, курс, тренинг или сертифицирана програма.
- Еднаш годишно, стипендистот е должен да достави наративен извештај до администраторот на Програмата за прогресот во однос на обуката, курсот или другата форма на професионално усовршување, како и за исполнувањето на останатите обврски утврдени во договорот, вклучително пренос на стекнатите знаења на колегите, промоција на стипендиската програма и придонес кон целите на проектот „Заедници со интегритет“.
- Еднаш годишно, заедно со годишниот наративен извештај, стипендистот е должен да достави потврда за редовен работен однос во институцијата/општината опфатена со Програмата. Оваа обврска важи за времетраењето на поддржаната програма, како и во период од 2 години по стекнувањето на соодветниот сертификат.

ИМПЛЕМЕНТИРАНО ОД:
NDI NATIONAL DEMOCRATIC INSTITUTE
„Заедници со интегритет“ е проект во Северна Македонија, финансиран од Владите на Швајцарија и Шведска и спроведен од Националниот демократски институт (НДИ).

- Да достави потврда за уплата на сопственото учество.
- По завршувањето на професионалното усовршување, да работи на подготовка на материјалите, продуктите или активностите кои ги навел во својата апликација, доколку истите се предвидени.
- Да обезбеди соодветна примена на стекнатите знаења и вештини во пракса, како и пренос на знаење кон колегите во институцијата/општината, согласно планот наведен во апликацијата и обврските утврдени во договорот.
- Да придонесе кон промоција на стипендиската програма и кон споделување на стекнатите искуства, знаења и резултати во рамките на институцијата/општината и, каде што е применливо, во активностите на проектот „Заедници со интегритет“.
- Да ги исполнува сите други обврски кои произлегуваат од договорот за финансиска поддршка за професионално усовршување.

ИМПЛЕМЕНТИРАНО ОД:
NDI NATIONAL DEMOCRATIC INSTITUTE
„Заедници со интегритет“ е проект во Северна Македонија, финансиран од Владите на Швајцарија и Шведска и спроведен од Националниот демократски институт (НДИ).

5. Задржување и пренос на стекнатото знаење во институцијата како и поддршка и промоција на проектот „Заедници со интегритет“

5.1. Кои се очекувањата за задржување на персоналот по професионалното усовршување?

Од стипендистите кои добиле финансиска поддршка за професионално усовршување се очекува да ги исполнат обврските кои ќе бидат утврдени во Договорот за финансиска поддршка за професионално усовршување.

За стипендистите кои добиле поддршка за обуки, тренинзи, курсеви, сертифицирани програми или други форми на професионално усовршување, се предвидуваат следните обврски:

- да не го напуштат професионалното усовршување предвреме, како и успешно да ја завршат обуката, тренингот, курсот или сертифицираната програма со стекнување на соодветен сертификат, потврда или уверение;
- програмата да ја завршат во рокот утврден од организаторот или давателот на обуката/курсот, со цел да не се предизвикаат дополнителни трошоци, пенали или други финансиски обврски;
- по завршување на обуката, курсот или другата форма на професионално усовршување, да продолжат да извршуваат работи и работни задачи во редовен работен однос во институцијата/општината опфатена со Програмата најмалку 2 години, односно 24 месеци;
- стекнатото знаење и вештини соодветно да ги применат во тековното работење и да обезбедат трансфер на знаење во рамките на институцијата/општината.

Во случај на предвремено откажување, прекин на обуката, курсот или другата форма на професионално усовршување, или доколку стипендистот не стекне соодветен сертификат, потврда или уверение, стипендистот е должен да го врати целиот дотогаш исплатен износ на финансиска поддршка, вклучително и износот на данокот на личен доход исплатен на негово/нејзино име.

Доколку стипендистот во текот на обуката, курсот или другата форма на професионално усовршување го напушти работното место во институцијата/општината опфатена со Програмата, должен е да го врати целиот дотогаш исплатен износ на финансиска поддршка, вклучително и износот на данокот на личен доход исплатен на негово/нејзино име.

Доколку стипендистот кој добил поддршка за обука, тренинг, курс, сертифицирана програма или друга форма на професионално усовршување не ја исполни обврската да се задржи на работа најмалку 2 години по завршувањето на програмата, се предвидува враќање на исплатениот износ во зависност од периодот на заминување, и тоа:

- доколку замине во првите 6 месеци по завршувањето на обуката, курсот или другата форма на професионално усовршување, враќа 100% од исплатениот износ вклучително и износот на данокот на личен доход исплатен на негово/нејзино име;
- доколку замине во периодот од 6 до 12 месеци по завршувањето на обуката, курсот или другата форма на професионално усовршување, враќа 75% од исплатениот износ вклучително и износот на данокот на личен доход исплатен на негово/нејзино име;
- доколку замине во периодот од 1 до неполни 2 години по завршувањето на обуката, курсот или другата форма на професионално усовршување, враќа 50% од исплатениот износ вклучително и износот на данокот на личен доход исплатен на негово/нејзино име.

5.2 Што се очекува од стипендистот?

Од секој кандидат се очекува во апликацијата да предложи план за пренос на стекнатите знаења и вештини во рамките на институцијата/општината во која работи. Планот треба да опише на кој начин кандидатот ќе ги сподели и примени стекнатите знаења по завршувањето на професионалното усовршување, преку активности како интерни презентации, работилници, кратки обуки, подготовка на материјали, насоки, анализи, методологии или други практични продукти релевантни за работата.

Предложениот план за пренос на знаење ќе биде предмет на оценување од страна на Комисијата, како дел од критериумите за доделување финансиска поддршка. При оценувањето ќе се земе предвид јасноста, применливоста и очекуваниот ефект на предложените активности за трансфер на стекнатите знаења.

Стипендистот е должен по одобрувањето на поддршката да го реализира предложениот план за пренос на знаење и редовно да известува за неговото спроведување во рамките на прогрес-извештаите доставени до администраторот на Програмата.

5.3. Поддршка и промоција на целите на проектот „Заедници со интегритет“

Од стипендистот се очекува да придонесе кон поддршка и промоција на целите на проектот „Заедници со интегритет“, преку активно споделување на стекнатите знаења, искуства и добри практики во рамките на институцијата/општината. Ова може да вклучува учество во интерни активности, презентации пред колеги, подготовка на кратки материјали или други форми на придонес кои ќе помогнат во унапредување на интегритетот, транспарентноста, отчетноста и доброто управување.

Оваа заложба кандидатот треба да ја образложи во апликацијата, а нејзината релевантност и применливост ќе бидат земени предвид при оценувањето од страна на Комисијата. По одобрување на поддршката, стипендистот е должен да известува за реализираните активности во рамките на прогрес-извештаите.

6. Процедура за пријавување

- За секој повик ќе биде објавен отворен повик со конкретно утврдени датуми за доставување апликации, рокови за постапување, потребна документација и начин на аплицирање.
- Повикот ќе биде отворен најмалку 10 работни дена од денот на неговото објавување.
- Во повикот ќе бидат наведени условите за аплицирање, потребната документација, предлог-областите за професионално усовршување, како и е-маил адресата на која треба да се достават апликациите.
- Апликацијата и сите придружни документи треба да се достават електронски, во рокот утврден во повикот. Нецелосните апликации и апликациите доставени по истекот на крајниот рок нема да бидат земени предвид.
- По завршување на повикот, Комисијата ќе изврши административна проверка на доставената документација, со цел да утврди дали апликациите се уредни и целосни.
- Апликациите кои ги исполнуваат формалните услови ќе продолжат во следната фаза на евалуација, согласно утврдените критериуми.
- Интервјуата со кандидатите, ќе бидат закажани најдоцна во рок од 10 работни дена по завршување на повикот.
- По спроведување на интервјуата и завршување на евалуацијата, кандидатите ќе бидат известени за резултатите од процесот најдоцна во рок од 5 работни дена од денот на завршување на интервјуата.
- Кандидатите на кои ќе им биде одобрена финансиска поддршка треба писмено да потврдат дека ја прифаќаат доделената поддршка, по што ќе потпишат договор за финансиска поддршка за професионално усовршување.
- Кандидатите кои нема да бидат избрани за добивање финансиска поддршка имаат право да поднесат приговор/жалба до Комисијата во рок од 8 дена од денот на приемот на известувањето за резултатите од постапката.
- Кандидатот е должен самостојно да ја спроведе постапката за упис во соодветната организација и навремено да го извести администраторот на Програмата за приемот/уписот, согласно условите утврдени во Програмата, повикот и договорот.
- Кандидатот е должен самостојно да го контактира организаторот или давателот на обуката/курсот каде што планира да го реализира професионалното усовршување, да се информира за условите, постапката, роковите, трошоците и начинот на реализација на програмата, како и навремено да го известува администраторот на Програмата согласно барањата утврдени во Програмата, повикот и договорот.